*ХРИСТО КАРТАЛОВ*

# НЕКОИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАДВОРЕШНИТЕ МИГРАЦИИ ОД МАКЕДОНИЈА

## I. ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА НАДВОРЕШНИТЕ МИГРАЦИИ

Процесите на трајното иселување од денешната територија на Југославија и СР Македонија започнале и се развивале значително пред создавањето на Југославија во 1918 година и на СР Македонија во рамките на СФРЈ во 1945 година. Поради тоа е неопходно да се согледаат процесите на иселувањето и во оние делови на македонскиот народ кои останаа како национални малцинства во соседните држави. Овде, пред сè, мислиме на деловите во Грција (Егејска Македонија), деловите под Бугарија (Пиринска Македонија) и извесни територии под Албанија. Тие делови на македонскиот народ претставуваат делови од единствена целина коишто со иронијата на политичките збиднувања останаа да егзистираат вон од својата матица СР Македонија. Дека тие претставуваат составен дел на македонскиот народ го потврдува и фактот на нивното организирано собирање во матични национални организации во земјите на модерната колонизација. Но, иако тие претставуваат составен дел од единствена целина, сепак имаат и некои специфичности во одделни етапи во развојот, различни причини и мотиви за емиграција и, на крајот, тука се и различните можности за објективно прикажување на оваа општествена појава.

Поради тие причини, потребно е временски и просторно да ги согледаме иселувањата од Македонија низ следниве етапи:

1. Иселувањето од единствената територија на Македонија под турско владеење до балканските војни;
2. Иселувањето што ги предизвикаа I и II балканска војна од 1912 и 1913 година;
3. Иселувањата предизвикани од I светска војна од 1914 до 1918 година и од Нејската конвенција од 1919 година;
4. Иселувањата меѓу двете светски војни;
5. Иселувањата од 1940 година до 1949 година;
6. Емиграциите од СР Македонија по 1950 година.

## 1. *Преселување од Македонија за време под турското владеење*

Преселувањето од Македонија за време на турското владеење особено е интензивирано во 18-тиот и во втората половина на 19-тиот век. Од тогаш датира печалбарството како прв облик на внатрешни миграции, во почетокот во рамките на турската империја, а подоцна и надвор од неа. Кон средината на 19-тиот век од Македонија во печалбарството се движеле околу 70—100 000 жители, главно кон поголемите градови на империјата: Солун, Цариград, Смирна, Скадар и др.

По ослободувањето на Србија во 1815, Грција во 1821 и Бугарија во 1876 година, голем дел на печалбарите од Македонија се движат кон нив, а преку Солун и Цариград и до некои средоземноморски земји, во тоа време турски провинции. Одењето во печалба — главно во Америка — или емигрантското движење вон од турската империја особено е интензивирано кон крајот на 19-от век. Една група печалбари кои претходно биле во Романија, покани една група селани од Леринско — село Буф, Костурско и Преспанско, со тоа означувајќи го почетокот на прекуморската емиграција. Тоа одење во Америка, во почетокот, по ништо не се разликувало од печалбарењето во турските провинции. По 2—3 години минати во туѓина печалбарите со спечалените средства се враќале во својата татковина да го згрижат своето семејство, да ги платат даноците, откупат земја итн. По Илинденското востание, во периодот од 1903 до 1906 година, од Македонија за Америка заминале од 41 до 49 илјади лица, а од нив во своите родни краишта се вратиле околу 18 илјади.[1]

Причините за тој масовен егзадус се економски и политички.

## 2. *Иселувањата од Македонија предизвикани од I и II балканска војна (1912—1913 година)*

Како последица на балканските војни (1912—1913) и на Букурештанскиот мировен договор (28 јули 1913), санкциониран од Нејскиот мировен договор (14 ноември 1919) и од Северскиот мировен договор (28 јули 1920), Македонија беше поделена меѓу три балкански држави — Србија, Бугарија и Грција.[2]

Првата балканска војна започна (18.X 1912) помеѓу Турција, од една, и балканските држави Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора, од друга страна. Таа војна се водеше со сите разурнувања на територијата на Македонија, и во неа Турција беше поразена. Кога војната заврши речиси ништо не остана од првобитната тајна спогодба меѓу Бугарија и Србија за автономија на централниот дел на Македонија. Тие, едноставно, новоослободената територија од Турција си ја поделија меѓусебно.

---

[1] Ѓорче Петров: Емигрантско движење во Македонија, Актуелни проблеми од иселувањето и привременото вработување од СРМ во странство, Тематска конференција на СССРНМ, Скопје, 1971, стр. 12.

[2] Историја на македонскиот народ, книга II, Скопје, 1969, стр. 376—378.

Втората балканска војна се водеше, исто така, на територијата на Македонија, сега меѓу бившите сојузници, околу несогласувањето за нејзината поделба. Таа војна беше уште посвирепа и се водеше главно меѓу Бугарија, од една, и Србија и Грција од друга страна.

Треба да се истакне дека при разграничувањето на Кралството на СХС и новосоздадената држава Албанија (со Лондонската мировна конференција од 1913 година) извесни делови од Македонија влегоа во состав на Албанија.

Ослободена од ропството на османлиите, Македонија беше парчосана и насилно вклучена во соседните држави: Србија, Бугарија, Грција и Албанија. Македонскиот народ беше ставен во вонредно тешка состојба; опустошен и подвргнат на тотална економска експлоатација и политичка и национална обесправеност.

Во вителот на воените пустошења и на политичката поделба од Македонија се случуваа два вида преселби. Населението беше „доброволно" или насилно преселувано од одделни делови на сега растргнатата Македонија и тие беа упатени кон Бугарија, Србија или Грција, а вториот вид преселби беше насочен кон прекуморските земји.

Како последица на балканските војни, Бугарија на својата територија прими околу 112.000 бегалци, од нив 50.000 Македонци и тоа 30.000 од Егејска Македонија.[3]

Во исто време, Грција во територијата на Егејска Македонија доби околу 157.000 бегалци, предимно Турци, Грци и Власи и нешто Македонци од територијата на Вардарска Македонија.[4]

По војните Грција доби просторни области населени со негрчка популација: Македонци, Турци и друго муслиманско население. Таа настојува тие области бргу да ги елинизира, притоа применувајќи разни методи на асимилација и притисок врз Македонците и Турците да се иселат во некоја од соседните држави или во некоја од прекуморските земји, како би можела така ослободените предели да ги насели со грчко население и измени етничкиот состав.

## 3. *Иселувањата предизвикани од I светска војна и Нејската конвенција*

Големото империјалистичко пресметување меѓу силите на Антантата и Централните сили во Првата светска војна од 1914 до 1918 година не ја одминаа Македонија. Уште на почетокот на војната таа стана важен елемент во дипломатско-политичките и воено-стратешките планови на завојуваните групации. Војната отпочна со нападот на Австро-Унгарија врз Србија. (во летото 1914 година), а Бугарија, прокламирана како неутрална, преземаше низа реваншистички вооружени акции против српските власти во Македонија. Од ваквите бугарски провокации најмногу страдаше македонското население. Не можејќи да ги казнат бугарските четници српските власти жестоко му се одмаздуваа на македонското население за божемната поддршка

---

[3] Анкета на Балканите, Доклад на Карниевата комисија по војните през 1912—1913 година, София, 1914, стр. 185.

[4] Анкета на Балканите, стр. 184.

на бугарските чети во Македонија. Тоа траеше до 15.X 1915 година, кога Бугарија која беше незадоволна од исходот на балканските војни и која претендираше на цела Македонија, ја нападна Србија. Во есента 1915 година Србија е поразена и присилена да се повлече од Македонија, а Бугарија завладеја со цела Вардарска Македонија, а во мај 1916 година и со југоисточна Македонија, која беше под грчка власт.

Во текот на тригодишната позициска војна на Македонскиот (Солунскиот) фронт, до неговиот пробив — во средината на септември 1918 година — тука беа концентрирани 1,200.000 војници од десетте држави на Антантата и централните сили. Тие се уништуваа меѓусебно и за свои интереси, продлабочувајќи ја трагедијата на распарчаниот македонски народ. Во жестоките битки, разурнувачките артилериски и други бомбардирања целосно или делумно беа уништени многу македонски градови и села. Македонците во таа војна беа принудени (затоа што беа насилно регрутирани — спротивно на Хашката конвенција), да се борат меѓу себе како војници на српските, бугарските или грчките окупатори на Македонија.

Воените разурнувања, реквизициите, грабежите на добиток, прехрамбени производи и други материјални блага го доведоа македонскиот народ буквално до работ на физичка и биолошка катастрофа.

Според статистичките податоци од тоа време, од Вардарска Македонија во текот на Првата светска војна во Егејска Македонија побегнале околу 14.000 бегалци, а во Бугарија околу 41 000 бегалци, од што половината од Егејска Македонија.[5] Во периодот на Првата светска војна емигрантското движење од Македонија во прекуморските земји привремено е прекинато.

## *4. Иселувањето меѓу двете светски војни*

По завршувањето на Првата светска војна, Грција, во согласност со сојузниците, ѝ наметна на Бугарија една посебна конвенција, која се засновуваше врз Нејскиот мировен договор (чл. 56 ал. 2). Конвенцијата предвидуваше „доброволна“ размена на населението меѓу Бугарија и Грција. Со тоа се сакаше да се озакони присилното иселување на Македонците од Егејска Македонија во Бугарија. За таа цел беше формирана и една специјална комисија за обештетување на имотот на мигрантите. Но, во периодот од 1920 до 1923 година, во двете насоки беа иселени само 800 иселеници, од што една третина Македонци.[6] Меѓутоа, Грчко-турската војна, која траеше од 1919 до 1922 година, имаше трагични последици по преселничките движења од Егејска Македонија, пресудно влијаејќи врз етничкиот остав на тој дел од Македонија. Во таа војна, победи Турција и на Грција ѝ ја наметна Лозанската конвенција. Таа предвидуваше принудно иселување на сите христијани од турската држава во Грција,

---

[5] Тодор Симовски: Мграционите движења од 1912 до 1971 година и реперкусиите врз етничкиот состав на населението во Егејска Македонија, Зборник „Иселеништво народа и народности Југославије“, Завод за миграције и народности, Загреб, 1978, стр. 227.

[6] Исто, стр. 229.

како и на сите муслимани од Грција во Турција. Исклучок претставуваше христијанско население во Цариград и муслиманското во Западна Тракија.

Уште во воените операции во 1922 година, Турците го гонеа напросто со сила грчкото население од малоазиското крајбрежје, а во текот на 1923—24 година тоа беше присилено целосно да се исели во Грција. Грција беше војнички поразена и економски ослабена, но затоа, пак, ја искористи околноста и поголемиот дел од оваа грчка емиграција од 1,230.000 луѓе — близу 640.000 доселеници — ги смести во Егејска Македонија, менувајќи го така нејзиниот етнички состав. Во исто време, од Егејска Македонија беа иселени околу 300.000 Турци и други муслимани и 40.000 Македонци.[7] Под изговор оти се среќаваат со тешкотии во сместувањето на бегалците, оваа околност беше искористена за присилно иселување на Македонците. Во домовите на Македонците беа сместувани по едно и повеќе бегалски семејства. Постојано тероризирани, провоцирани од грчките власти и вооружените групи, во периодот од 1923 до 1928 година од Егејска Македонија се иселени околу 43.000 жители и тоа околу 33.000 во Бугарија и околу 10.000 во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците.[8]

Меѓу двете светски војни интензивни се иселувањата, особено од Егејска Македонија, во прекуокеанските земји. Во тоа време, а особено во времето на Метаксасовата диктатура во Грција (од август 1936 година), се врши стравичен притисок врз Македонците. Македонскиот јазик е забранет за употреба и во домовите на Македонците — што условуваше зголемен број затвореници, интернирани Македонци и иселувања во прекуокеанските земји.

Само од Егејска Македонија во периодот од 1912 до 1940 година се иселија 90.000 Македонци.[9]

Во 22-годишниот период меѓу двете светски војни (1919—1941 година) раздробениот македонски народ во составот на Југославија, Бугарија, Грција и Албанија беше во вистинска колонијална положба, подложен на жестока економска експлоатација, политичка обесправеност и свирепа денационализација.

### 5. *Иселувањата од 1940 до 1949 година*

Иселувањата на Македонците од Егејскиот дел на Македонија не престанаа ниту во текот на Втората светска војна и Граѓанската војна во Грција.

Во текот на Втората светска војна на територијата на Македонија делуваа бројни бугрски, албански, германски и италијански окупаторски војски, полициски и други помагачи. И во оваа војна Македонија беше одново парчосувана и плачкосувана. Вардарска Македонија и делови од Македонија под Грција и Албанија беа окупирани од италијанските и германските трупи. Според претходниот договор меѓу Германија и Бугарија, најголемиот дел им беше отстапен на бугарските окупатори. Македонските делови од т.н. „Голема

[7] Исто, стр. 230.
[8] Исто, стр. 231.
[9] Исто, стр. 232.

Албанија“ беа под протекторот на Италија, делови од долното Повардарје со Солун, по капитулацијата на Грција, ги окупира Германија.

Македонскиот народ, како и другите југословенски народи, не ги прифати окупацијата и распарчувањето од страна на великобугарските, италијанско-албанските и германските окупатори. Водејќи нерамноправна борба, учеството на македонскиот народ во НОБ и победата над фашизмот му овозможи создавање на слободна македонска држава — како рамноправна федерална единица во рамките на СФРЈ. Меѓутоа, таа среќа ја немаа и останатите делови на Македонија. Посебно беше тешка положбата на македонскиот народ во Егејска Македонија. По договорот од Варкиза постепено се зацврстуваше монархофашистичката власт во Грција. Со тоа, пак, се зголемуваа маките и страдањата и на Македонците во Егејска Македонија. Монархофашистите вршеа застрашување, убиства, силувања, плачкосувања на домовите на Македонците, интернирања преку граница и друг терор како одмазда за учеството на Македонците во антифашистичкото движење. Тоа беше увод во Граѓанската војна во Грција, која отпочна од раната пролет 1946 година и траеше до есента 1949 година. По трииполгодишната војна демократските сили беа поразени, а со тоа и Македонците кои масовно учествуваа во ДАГ. Граѓанската војна остави сериозни последици врз Македонците од Егејска Македонија. Десетици македонски села беа разрушени и опустошени. Во тие страотни разурнувања, преку 20 илјади Македонци беа убиени, а околу 50 илјади присилени да ги напуштат своите домови и да емигрираат во СССР, Романија, Полска, Чехословачка, Унгарија и Југославија.[10]

По завршувањето на Граѓанската војна во Грција отпочна еден забрзан процес на иселување на Македонците од Егејска Македонија во прекуморските земји. Грчките власти со сите средства го потпомагаа ова иселување, коешто овој пат беше насочено предимно кон Австралија и Канада, а само делумно кон САД. Најмногу заминуваа во емиграција жителите од Костурскиот, Воденскиот, Леринскиот, Магленскиот и други краишта од Егејска Македонија. Емиграцијата од овој дел на Македонија делумно стагнира во периодот 1950—1961 година, за потоа одново да се интензивира и тоа кон прекуморските земји и земјите на Западна Европа.

Трајните емиграции од Вардарска и Пиринска Македонија во овој период од низа причини беа поумерени. Тие се интензивираа непосредно пред големата економска криза 1929—32 година и тоа предимно од традиционалните емигрантски подрачја: Битолско, Ресенско, Охридско и Струшко.

## *6. Надворешната миграција по 1950 година*

Сè до шеесеттите години во Југославија кон економската миграција се пристапуваше со многу предрасуди. Се сметаше дека социјалистичкото општество секому ќе му обезбеди егзистенција —

---

[10] Исто, стр. 239.

вработување, па така не ќе мораат луѓето да заминуваат „по леб". Но, тешкотиите со кои се судруваше стопанството на нашата земја во тоа време и сè поинтензивните процеси на демократизација придонесоа и за поинакво гледање на емиграцијата. Таа придонесе да се афирмира сфаќањето за трајните економски емиграции како еден нормален и логичен процес од меѓународниот пазар на трудот, т.е. како логична последица на нерамномерниот развој и економското единство на светот.

Во СР Македонија надворешните миграции можат да се следат од 1951 година до 1981 година, со тоа што тешко можат да се разграничуваат привремените од трајните надворешни миграции.[11]

Во периодот 1951—1961 година прилично се интензивни надворешните емиграции од СР Македонија. Во тој временски период емигрирале 164 илјади лица, и тоа речиси исклучиво Турци, кои во тој период се репатрираат во Турција.[12]

И во периодот 1961—1970 година од СР Македонија трајно емигрирале 46.700 лица од што дури 34.700 биле Турци.

Обемот на надворешната миграција од СР Македонија може да се следи според пописите на населението во 1971 и 1981 година. Во тој временски период трајното и времено мигрирање надвор од границите на земјата е сè почеста појава, а СР Македонија избива меѓу поголемите емигрантски подрачја во земјата.

*Табела 1: Некои показатели за надворешните миграции од СР Македонија*

| | СР Македонија | | СФР Југославија | |
|---|---|---|---|---|
| | 1971 | 1981 | 1971 | 1981 |
| 1. Вкупно жители | 1,647.308 | 1,909.136 | 20,522.972 | 22,424.711 |
| 2. Вработени во земјата | 292.000 | 442,000 | 421,000 | 5,960.000 |
| 3. Вкупно население во странство | 56.449 | 100.922 | 682.262 | 815.307 |
| 4. Вкупно вработени во странство | 54.433 | 57.964 | 671.908 | 577.863 |
| 5. Индекс 1971 = 100,0 | 100,0 | 178,8 | 100,0 | 199,5 |
| 6. % од вкупното население во земјата | 3,4 | 5,3 | 3,3 | 3,6 |
| 7. % на вработените во странство од вработените во земјата | 15,1 | 13,1 | 16,0 | 9,8 |

*Извор:* Статистички годишник на СФРЈ 1983, Статистички билтен 123, Скопје.

[11] Често сме наклонети да заклучуваме за тоа дали станува збор за времени или трајни надворешни миграции врз основа на оддалеченоста на земјите на имиграција или врз основа на должината на времето на мигрантскиот статус.

[12] Д-р Лазар Соколов: Резерви на работната сила по одделни подрачја од СР Македонија, Економски институт, Скопје, 1964 година.

Во надворешните миграции во овој временски период СР Македонија се вклучи нешто подоцна од поразвиените републики (Хрватска и Словенија). Сепак таа го достигна максимумот во периодот 1970—1974 година, кога постоеја најповолни услови на меѓународниот пазар на работната сила.

Надворешните мигранти од општините Битола и Ресен во вкупниот број мигранти во 1981 година учествувале со 38,9%. Тие две општини се најемигрантски во Републиката. Бројот на вработените во странство во однос на бројот на вработените во земјата, за Битола изнесува 51,3%, а за општината Ресен дури 103,2%. Потоа следи група општини релативно активни во надворешните миграции (Охрид, Струга, Кичево, Демир Хисар и Тетово), кои учествуваат со една третина од бројот на мигрантите од Републиката. Останатите општини покажуваат една посмирена динамика во поглед на учеството на мигрантите.

Анализата на тековите на миграциите од СР Македонија, како и нивното времетраење, посочуваат дека постепено се соочуваме со феноменот на трајните миграции. Податоците упатуваат дека од вкупниот број мигранти (100.922) во 1981 година, 50,6% се во европските, 48,6% во прекуморските и 0,8% во останатите земји на миграција. Од оние што се во прекуморските земји, 34,3% се во Австралија, 9,8% во САД и 3,8% во Канада. Учеството на надворешните мигранти од Републиката во прекуморските земји е значително над југословенскиот просек — 11,0% во 1971 година.[13]

Податоците од пописот на населението во 1981 година, упатуваат на тоа дека една половина (50.000) од мигрантите се наоѓаат на раздалеченост од десетици илјади километри. Нивното време поминато во емиграција се наголемува (1981 година дури 38,8% од мигрантите престојувале во друга земја повеќе од 10 години) и сѐ е поизвесно дека станува збор за трајни миграции.

Општествената криза во СФР Југославија, која ја зафати земјата во осумдесеттите години и која рлативно долго се одржува, најави нов интензивен бран на надворешни миграции. Иако за овие тивки преселби нема официјални податоци од институциите што ја следат оваа проблематика, од средствата на масмедиумите, пред сѐ, може да се заклучи дека станува збор за околу 35.000 лица кои покренале или се во фаза на покренување постапка за иселување во Австралија, Нов Зеланд и Канада.

Миграционите движења од останатите два дела на Македонија (Пиринскиот и Егејскиот) тешко можат да се следат, од причина што не се организира таква искуствена документација. Поради административните забрани што се прават во Бугарија, овие преселби на Македонците од Пиринска Македонија речиси се оневозможени. Наспроти нив, трајните миграции од Егејска Македонија, и тоа предимно кон прекуморските земји, се посебно интензи... рани. Тоа се прави со цел да се смени етничкиот состав на Егејска Македонија. „Низ Егејска Македонија се агитира за иселување

---

[13] Елка Димитриева и Верица Јанеска: Особености на миграционите движења од СР Македонија во странство, Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија, МАНУ, Скопје, 1985, стр. 347.

во Австралија, Канада и САД по 'многу поволни услови'. Само во градот Лерин... 12 агенции агитираат за иселување... Во тој период само во леринскиот префект се издадени 9.735 фамилијарни пасоши т.е. иселени се околу 20.000 Македонци во прекуморските земји.[14]

Неуспехот на грчката политика на Кипар исто така негативно влијаеше за иселувањето на Македонците од Егејска Македонија, бидејќи околу 100 илјади Кипарски Грци кои го напуштија островот, се населија во Воденскиот, Леринскиот и Костурскиот крај.

Може, без претерување да се тврди дека денес во емиграција во трите делови на Македонија живеат околу 550 илјади луѓе, што претставува околу 1/5 од вкупната популација Македонци. Од нив околу 450 илјади живеат во прекуморските земји (Австралија 170.000, Канада — само Торонто 100.000)[15], а околу 100 илјади во земјите на европската имиграција.

## II. ПРИЧИНИ ЗА НАДВОРЕШНИТЕ МИГРАЦИИ

Постојат повеќе поделби на факторите (причините) за миграциите. Една од најчестите поделби е онаа што овие фактори ги дели на економски, на кои им се придава најголемо значење, и на социјално-психолошки, кои се извлекуваат од економските и со кои главно се утврдува степенот на задоволството или незадоволството на населението од неговата општествена положба.

Исто така, многу е раширена поделбата на репулзивни фактори, кои населението го „бркаат" од емигранските подрачја, и на атрактивни фактори, кои населението го „привлекуваат" во земјите на имиграцијата или т.н. push-pull концепција. И ние ќе се задржиме на push-pull концепцијата, иако нејзе можат да ѝ се упатат некои забелешки,[16] од причина што според својата едноставност таа се сведува на класификација на факторите на еми грацијата и факторите на имиграцијата.[17]

Разбирливо, во трудот пред сè ќе стане збор за push-факторите (причините) за трајните миграции од Македонија.

### 1. *Историско-политички причини*

Причините за миграциите не доаѓаат единечно, изолирани, туку тие често дејствуваат истовремено, па оттука е неможно да се издвои основниот, доминантниот фактор. Ние, сепак, овој приказ ќе го

---

14 Христо Андонов-Пољански: Исељеништво народа и народности Југославије, Завод за миграције и народности, Загреб, 1978, стр. 652 и 653.

15 „Нова Македонија" од 28. II 1988 година.

16 На таа концепција би можело да ѝ се забележи дека сè не може да се подведе под фактори што одбиваат и што привлекуваат, затоа што во животот има фактори што го оневозможуваат заминувањето, како што се: староста, школската подготовка, транспортните, трошоците за селидба итн.

17 Ристо Карталов: Демографски аспекти на деаграризацијата во СР Македонија, Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1985, стр. 374.

започнеме со анализата на историско-политичките причини на надворешните миграции. Тоа го правиме не само поради тоа што тие во историјата на македонскиот народ биле долготрајно присутни, туку и поради тоа што тие оставиле најдлабоки последици врз неговиот натамошен развиток.

Како што е познато, Македонија до 1912 година беше под турската империја, која беше синоним за економската заостанатост и политичка и национална обесправеност на сите оние што не беа муслимани. За ослободување од вековното османлиско ропство, македонскиот народ во релативно кус временски период (1876—1881 година) ги крена: Разловечкото, Кресненското, Разлошкото востание и Брсјачката буна. Бидејќи тие не вродија плод, македонскиот народ остана и натаму под господарството на османлиите, изложен на жестоки притисоци и тортури кои нужно го упатуваа кон масовен егзодус. Единствениот резултат од тие буни и востанија беше чл. 23 од Берлинскиот мировен договор, со кој големите сили од тоа време, ја задолжија Турција да спроведе реформи во Македонија, што би довело до извесна автономија на Македонците и другите народности населени на нејзина територија. Тие реформи не беа спроведени, а македонскиот народ го крена и Илинденското востание во 1903 година, учествуваше во Младотурската револуција во 1908 година, но сето тоа не ја поправи неговата положба.

Подоцна, со поделбата на Македонија меѓу Грција, Бугарија, Србија и Албанија и натаму продолжи, па дури и се заостри процесот на бездушната експлоатација и национално-политичка обесправеност на македонскиот народ. Поради своите националистички и хегемонистички претензии овие земји водеа политика на економско пустошење и денационализација, а некои од нив (Грција) преземаа смислени мерки — поттикнување, провоцирање на економска и политичка емиграција, сè со цел да го измени етничкиот состав на населението.

Балканските држави „ослобдувањето на Македонија од Турците" го истакнуваа како ослободување на своите христијански „сонародници" и како првостепена „национална задача". Тие не го признаваа постоењето на македонскиот народ како етничка и културна засебност. Во „новоосвоените територии" на распарчаната Македонија тие ништо не преземаа за развојот и унапредувањето на нејзините економски потенцијали.

Суштината на балканските војни беше завладувањето и политичко потчинување на туѓите народи, територии и економски богатства, како и освојување на стратешките предимства на Тракија, Албанија и Македонија.

Со поделбата се продлабочуваше економската неразвиеност на Македонија, затоа што беше уништена нејзината единствена пазарна и стопанска структура.[13] Таа од централна територија на турската империја стана периферна провинција на балканските држави. Продолжува процесот на економско и културно назадување (преку 90%

[13] Кирил Миљовски: Преглед на стопанскиот развиток на Македонија и некои проблеми на нејзиниот понатамошен раст, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Скопје, 1961, стр. 6 и 7.

населението е неписмено), а со сите средства се протежираат процесите на национална асимилација.

Македонскиот народ заминуваше во „светот" поради тешките политички и економски услови за живот. Се раѓаше, го живееше својот живот и умираше во услови на општа неразвиеност, чија што „родна грутка" постојано е изложена на плачкосување на разни војски и завојувачи. Во условите на нерешено аграрно прашање,[19] релативно високиот наталитет и природниот прираст на населението, неразвиените средства на трудот, екстензивното и предимно натурално земјоделство, гладот и борбата за биолошки опстанок се надвиснуваше како тешка мора над македонскиот селанец. Во таквата констелација на политички и социјални услови, многу прифатливи изгледаа приказните за „новите земји", за можностите за „брзо" збогатување итн.

Политиката на асимилација кон Македонците сепак ја доживеа својата кулминација во Грција. За време на диктатурата на генерал Метаксас (1936—1941), како и од крајот на педесетите години (1959), македонскиот јазик е забранет не само во јавниот живот, туку и во приватниот, во домовите. Илјадници Македонци се казнувани со парична глоба и интернирани по островите на Егејот затоа што биле фатени од органите на власта да зборуваат словенски-македонски, „варварски", а не грчки, „културен" јазик.

Настаните во текот на Втората светска војна, а особено пред нејзиниот крај, навестија уште еден специфичен бран на политичка емиграција. Еден дел од овие мигранти ја напуштија земјата уште пред да заврши војната, тогаш кога веќе се знаеше нејзиниот краен исход. Тоа беа, пред сè, соработници на окупаторот и издаици од различни ориентации. Друга група претставува оние кои се јавија како политички противници на новиот систем.

Сепак, треба да се нагласи фактот дека од територијата на СР Македонија бројот на овој вид мигранти беше незначителен, од причина што Македонија за прв пат доби своја државност во рамките на СФРЈ, а македонскиот јазик и култура беа признати како рамноправни. Овие придобивки на НОБ и социјалистичката револуција Македонците високо ги ценат.

Еден огромен миграционен бран, обоен со политички и националистички бои, се одвиваше од Егејска Македонија по завршетокот на Граѓанската војна во Грција. Познато е дека во Граѓанската војна во Грција, а на страната на демократската армија, масовно учествуваше и македонскиот народ. Тој во социјалните промени ја гледаше својата шанса за национална и социјална рамноправност. Бидејќи демократските сили на Грција беа поразени, монархофашистите, врз идеолошка и националистичка основа, отпочнаа вистински политички прогони. Тоа доведе до масовен политички егзодус вон од границите на Грција на бројни идеолошки противници на монархофашистичкиот режим, а меѓу нив и на околу 50 илјади Македонци. Беа прогонувани не само идеолошките противници, т.е. активните борци на ДАГ, туку и жени, старци и деца. Беа изгонувани буквално од своите родни огништа, за да поминат низ најсурови голготи

[19] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1969, книга III, стр. 8.

што ги познава современата историја на Европа. Тој масовен политички егзодус од Грција во почетокот беше насочен кон СР Македонија (Југославија), а подоцна и кон другите социјалистички земји (СССР, Романија, Чехословачка, Полска и др.).

## 2. *Причини од економскиот развиток и економската структура*

Современите причини за надворешните миграции се предимно економски.

Една од најзначајните причини за надворешните миграции е нерамномерниот развиток на светската заедница, кој што со Втората светска војна уште повеќе се нагласи. На една страна, една група земји кои во текот на војната претрпе огромни разурнувања, не успеа сосема да ги развие своите материјални производни сили. Во оваа група земји спаѓаат земјите од европскиот Југ, т.е. Средоземјето, како и повеќето земји на Азија и Африка. Во текот на сиот повоен развиток кај нив се присутни: прекумерен природен прираст и вишокот на работна сила, недостиг на капитал и знаење за побрз економски развиток и вработување во рамките на нивните држави. Од друга страна, САД, Канада и Австралија, на чија територија немаше воени разурнувања во текот на Втората светска војна, успеаја максимално да ги развијат своите производствени ресурси. Кај нив постоеше изобилство на капитал и знаење, а пројавуваа потреба за работна сила.

Нерамномерниот стопански развиток на одделни територијални и етничко-културни заедници — републики и општини — е присутен и во општествената реалност на Југославија. Тие разлики меѓу развиениот Север и неразвиениот Југ постоеја уште во почетокот, по војната и социјалистичката револуција. Меѓутоа, наместо тие во текот на развитокот да се надминуваат, тие и натаму се продлабочуваат.[20] Од една страна, во СРМ и другите недоволно развиени делови на земјата се јавува изобилство на недоволно продуктивна и неискористена работна сила, која брзу се репродуцира, а која поради непостоењето на единствен пазар на трудот во земјата не може внатре неа да мигрира, а, од друга страна, се чувствува недостиг на капитал и знаење, и покрај постојано присутната политика за побрз развиток на недоволно развиените во земјата. СР Македонија во 1982 година учествуваше во вкупниот национален доход на земјата со 5,5%, а нивото на доходот по жител изнесуваше 66% од просечниот доход по жител во земјата, со тенденција на натамошно влошување на овие параметри.

Основните економски параметри на стопанскиот развиток и промените во економската структура на Републиката ги одразуваат следниве моменти. Обемот на општественото производство во временскиот период 1956—1984 година е наголемено за повеќе од пет пати, а промените во структурата ги одразуваат изменетите улоги, т.е. учеството во националниот доход на индустријата и земјоделството. Додека учеството на индустријата во формирањето на национ-

[20] Кирил Миљовски: Проблеми на теоријата и политиката на недостатно развиените подрачја во Југославија, Економски факултет, Скопје, 1974.

налниот доход во 1947 година изнесуваше само 14%, нејзиното учество во националниот доход во 1984 година е наголемено на 47,5%. За истиот временски период учеството на земјоделството во националниот доход се намалува од 59% на 16,5% во 1984 година. Овие параметри го навестуваат нејзиниот премин од аграрно-суровинска кон индустриско-преработувачка стопанска структура.

Основната насока на стопанскиот развиток се остварува со доминантна улога на општествениот сектор во стопанството, кој во 1984 година учествуваше со 86,6%, а приватниот со 13,4% во вредноста на општествениот производ.

*Табела 2:* Општествениот производ и народниот доход во СР Македонија (по постојани цени од 1972 година)

| Година | Во милиони динари | | По жител во динари | |
|---|---|---|---|---|
| | општествен производ | народен доход | општествен производ | народен доход |
| 1956 | 4,347 | 4,076 | 3,203 | 3,004 |
| 1960 | 5,714 | 5,272 | 4,156 | 3,820 |
| 1970 | 12,202 | 11,045 | 7,486 | 6,776 |
| 1980 | 21,447 | 19,334 | 11,354 | 10,235 |
| 1984 | 22,211 | 19,793 | 11,146 | 9,932 |

*Извор:* Статистички преглед 164, Скопје 1986.

Движењето на општествениот производ и на народниот доход во еден подолг временски период открива дека вкупниот општествен производ и народен доход побрзо се зголемуваат (517,9 и 492,7 индексни поени), отколку општествениот производ и народниот доход по жител (352,3 и 355,0 индексни поени). Во временскиот период 1980-84 година отпочнува една стагнантна фаза во развитокот — општествениот производ и народниот доход се наголемуваат само со 103,6 и 102,4 индексни поени, а општествениот производ и народниот доход по жител опаѓа (98,2 односно 97,0 индексни поени). Овие движења ги одразуваат и годишните стапки на пораст. Додека во периодот 1956—1984 година општествениот производ и народниот доход се зголемуват со годишна стапка од 5,1% и 5,7%, или по жител 4,5% и 4,3%, во периодот 1980—1984 година вкупниот општествен производ и народен доход се зголемуваат со годишни стапки од 0,9% и 0,6%, а овие параметри по жител покажуваат опаѓање од — 0,5 и — 0,7% годишно.

Од друга страна, поради високиот природен прираст на населението, во стопанската структура на Републиката значително е местото на ниско продуктивните и ниско акумулативни гранки, како што се: текстилната, тутунската, прехранбената и дрвната индустрија.

Ваквата структура на индустријата не дава можност за поголема акумулација и експанзивна инвестициона активност. Оваа состојба најдобро ја илустрираат стапките на остварените инвестиции во основните фондови на Републиката во еден подолг временски период, со посебен увид во одделни етапи од развојот (табела 3).

*Табела 3:* Стапки на остварени инвестиции во основни фондови во СР Македонија (во стални цени од 1972 година)

| | Инвестици по сектори на сопственост | | | Гранки на стопанство | |
|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | општествен | приватен | индустрија и рударство | земјоделие и рибарство |
| 1960—65 | 16,8 | 18,2 | 7,8 | 29,2 | -18,8 |
| 1965—70 | -3,5 | -4,9 | 6,2 | -10,0 | 14,5 |
| 1970—75 | 6,2 | 5,2 | 11,1 | 10,7 | 16,7 |
| 1975—80 | 7,2 | 8,1 | 3,3 | 10,8 | 44,4 |
| 1980—83 | -12,8 | -14,6 | -5,0 | -15,9 | -17,0 |

*Извор:* Статистички преглед 158, Скопје, 1986 година.

Нивото на инвестиционата активност е индикатор не само за можностите за техничко-технолошко трансформирање и иновирање на стопанската структура, туку воедно и индикатор за проширувањето на производствените капацитети т.е. за отворањето на нови работни места.

Вака ниските, па дури и негативни стапки на инвестициите во основните фондови во оделни периоди укажуваат дека во прилична мерка се отежнати, па дури и влошени можностите Републиката да ја менува, разгранува и проширува својата стопанска структура.

Во таа сложена и противречна состојба во стопанскиот развиток и стопанската структура на Републиката, во отежнатите услови за отворање на нови работни места и релативно ниското ниво на остварениот народен доход по жител треба да се бара одговорот на прашањето за економските причини кои навестуваат нови миграциони бранови.

### *3. Состојбата во земјоделството и аграрната структураа*

Иако земјоделството по војната беше еден од основните сектори на стопанството според расположивите ресурси (обработливи површини и население), тоа не даваше соодветен придонес во материјалниот развиток на Републиката. Причините за тоа беа во расцепканата поседовна структура, ниското ниво на применетата технологија во производството (употреба на анимална влечна сила, примитивни средства на трудот) и во исклучително големото влијание на природните услови врз производството.

Со оглед на фактот што во Републиката постојат добри услови за некои видови земјоделско производство (рано градинарство, лозарство, овоштарство, производство на ориз и др.), многу напори беа концентрирани врз воведувањето на современа технологија во производството, менувањето на производната и поседовната структура,

подигањето на современи системи за наводнување, оспособувањето на општествените организации во земјоделското за ефикасно стоково производство, врз развојот на разни форми на кооперација со индивидуалните стопанства и слично.

Во земјоделството на СРМ се експлоатираат околу 650 илјади хектари обработливи површини, од што 73,4% се во приватна, а 26,6% во општествена сопственост.

Земјоделското производство е организирано на 161 илјади приватни стопанства, кои вработуваат 216 илјади активни земјоделци (392 илјади вкупно земјоделско население), а чија просечна големина е 2,0 хектари и просечно 2,2 хектари по еден земјоделец. Тие произведуваат околу 70% од вкупното земјоделско производство. Од друга страна во земјоделството делуваат 160 општествени организации, кои вработуваат 36 илјади работници со просечна големина од 1.500 обработлива површина или 4,8 хектари по еден вработен.

Во исто време во земјоделството постои тенденција на модернизација и опремување на производните субјекти со современи средства за производство. Во 1985 година во Републиката постоеја 33 илјади трактори, од што 90% во приватна сопственост и 1.681 комбајни од кои 53% им припаѓаат на општествениот сектор, а 47% на приватните стопанства.

Меѓутоа, лошата состојба во земјоделството ги одразува, и идеолошките заблуди и предрасуди сврзани со индивидуалната иницијатива воопшто, а во земјоделството посебно. Лошиот општествен третман на земјоделството во системот на општествената репродукција го одразува односот на општеството кон оние кои поседуват 80% од земјишните површини и остваруваат 70% од вкупното земјоделско производство.

Аграрната политика во сиот повоен развиток го доведуваше земјоделството во подредена улога. Тоа не беше долгорочна и конзистентна стратегија на развојот на земјоделството, туку делуваше изолирано, инцидентно и деструктивно. Тоа се гледа по интерните и екстерните паритети на цените, премиите и субвенциите во земјоделството, кредитирањето на проширената репродукција и на залихите, земјишната политика, даночната политика итн. Од земјоделството се вршеше едно бескрајно и еднонасочно испумпување на доходот — вишокот на трудот, кон останатите дејности. Таа политика на диспаритет на доходите го доведе земјоделството во многу лоша економска и општествена положба. Селото сестрано заостануваше во својот материјален и културен развиток.

Од друга страна, и индивидуалниот сектор во земјоделството е фатен во костецот на противречностите на технолошкиот и економскиот развиток. Неговата просечна големина од 2,0 ha со просечно 7 парцели по едно стопанство, ефектите од процесите на механизација ги прават катастрофално лоши. Таквото производство е скапо и од него не се задоволни ниту производителите ниту потрошувачите. Во тој сектор на земјоделството е создаден тенолошки јаз кој може да се мери со децении и векови.

Лошата аграрна политика многу рано инициираше масовен бег од селото; овие процеси на миграција и деагриразација и денес се одржуваат како трајна константа.

Општествената свест и културните вредности на селанството брзо се менуваат. Денес младите генерации од селото главно се насочуваат кон урбано-индустриските гравитациони центри и култура. Релативно долго се девалвираше трудот, животот и културата на селското население. Тоа бегаше од селото под дејството на психолошкиот, моралниот и мотивациониот притисок, дури и тогаш кога знаеше дека постојат сериозни тешкотии во можностите за образование и вработување во градовите.

## 4. *Промени во социјалната и демографската структура на населението*

Во периодот по Втората светска војна, за релативно кус временски интервал СР Македонија изврши значителни промени во својот социо-културен и општествен развиток. Тие промени најрелјефно се изразуваат низ промените во социо-економската структура на населението.

Во 1981 година СРМ имаше 1,900.000 жители. Вкупното население покажува тенденција на пораст, селското апсолутно стагнира а релативно опаѓа. Во периодот 1948—1981 година тоа се намалува од 73,3% на 44,3%, а земјоделското население и апсолутно и релативно се намалува од 68,2% на 20,5%. Основниот двигател на тие промени во социо-економската структура на населението беа миграциите и деаграризацијата. Селското и земјоделското население масовно ја напушташе својата социо-економска и културна средина како своевиден протест против лошите материјални и општествени услови за неговата економска и културна перспектива. Од селото и земјоделството не заминуваа само оние што објективно тоа требаше да го сторат, туку и оние на кои им се зголеми аспиративниот тонус поради подобрениот економски и културен стандард. Во временскиот период од 1948 до 1981 година земјоделството го напушти еден контигент од околу 750 илјади жители. Овој масовен егзодус својот максимум го досегна во периодот 1971—81 година со просечно годишно салдо од 35 илјади жители. Судејќи според темпото на прифаќањето на новата технологија во производството и високиот природен прираст[21] на вкупното и земјоделското население, во селото и земјоделството постојат сè уште значителни демографски резерви, кои ќе ги генерираат миграционите движења. Но, тука се среќаваме со проблемот на невработеноста како еден од проблемите на структурните несообразености на стопанскиот развиток. Невработеноста во СР Македонија се манифестира како една од најочебијните причини за надворешните миграции.

---

[21] Природниот прираст на 1.000 жители на вкупното население во периодот 1953—1981 година е намален од 23,6 на 14,4, а кај земјоделското население од 24,1 на 12,4.

Според релативниот однос на бројот на невработените[22] во однос на вкупното население и бројот на вработените, невработеноста во Републиката е една од најголемите во СФР Југославија. Во исто време, бројот на вработените апсолутно се наголемува во сиот тек на повоениот развој, иако сега изнесува 24,7% од вкупното население.[23]

Во 1985 година бројот на невработените во однос на вкупното население (1981) изнесуваше 6,8%, а во однос на вкупниот број вработени 27,9%. Невработените се, главно, млади луѓе до 35 години, чиешто време на чекање за работа постојано се зголемува. Во структурата на невработените најголемо и релативно константно е учеството на неквалификуваните (41,0%), а застапеноста на невработените со средно и високо образование се зголемува од 12,6% на 23%, и 1,3% на 2,6% во периодот 1972—1985 година.

Мотивите за миграциите од неразвиените кон развиените земји се многу слични на оние кои водат до миграциите од селото во градот. Основната одлика на нашата современа епоха е тоа што работната сила го следи капиталот. Населението од недоволно развиените земји во потрага за подобри заработувачки и можности за вработување се сели — мигрира кон развиените, на сличен начин и според истата логика како што во рамките на една земја селското население мигрира кон градовите.

Постои уште една голема и хетерогена група на фактори за надворешните миграции. Само ќе спомнеме некои од нив: традицијата за миграции (печалбарство), роднинските и пријателските врски и контакти со иселеништвото, психолошките мотиви, влијанието на информирањето и пропагандата, желбите за авантуризам и запознавање на нови земји и народи итн. И оваа група фактори влијаеше врз зголемувањето на обемот на надворешните миграции од СР Македонија.

*HRISTO KARTALOV*

## SOME CHARACTERISTICS OF MIGRATIONS FROM MACEDONIA

### Summary

Numerous different migratory movements have taken place in the course of Macedonia's history. There were, in the past, numerous migrations both of individuals and of large masses of the population. Large numbers immigrated into Macedonia from other countries and other peoples but, at the same time, a significant part of the population left

[22] Движењето на бројот на невработените во СРМ го илустрираат следниве податоци: во 1952 година — 12.072, во 1962 година — 41.381, во 1972 година — 64.695, во 1981 година — 130.874 и во 1985 година — 141.110 невработени.

[23] Движењето на вработените во СРМ го илустрираат податоциве: во 1965 година — 270.000, во 1975 година 337.000, во 1980 година — 427.000 и во 1985 година — 492.000 вработени.

the country either under compulsion or else voluntarily in search of more favourable conditions for both life and work than those which had been afforded them by their homeland.

In this paper an attempt is made to explain these two aspects of emigration from Macedonia.

In the first part of the paper, through a historical, sociological and political retrospective, the historical stages of the migration, in the context of military and political events in the Balkans and beyond, are identified. An endeavour has been made, as far as the empirical documentation permits, to set out the scope of the emigrations from Macedonia. It has been demonstrated that, because of the historical turn of the events and inherited economic backwardness, this region has been the scene of the largest amount of emigration from Yugoslavia, and the emigration has been, in the main, of a permanent nature.

In the second part of the paper the problem of the reasons for and the factors affecting this emigration are dealt with. It has largely been a matter of what are known as »push factors«. Among all the various different factors, historical and political reasons for emigration were long present and these, throughout a considerable period of time, appeared as a generative moment leaving visible traces upon the face and nature of Macedonia. For precisely this reason, particular attention has been devoted to the variety of emigration. There follows a treatment of those reasons which are linked to economic development and the economic structure of agriculture and, finally, of the changes in demographic and social structure of the population.